**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203 – 196/9**

**Скопје, 15. 07. 2009 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката за донација од ОБСЕ „Поддршка на општинскиот граѓански информативен центар, Чучер-Сандево, за успешно спроведување на децентрализацијата преку подобрување на дијалогот во заедницата„ (785) на Општина Чучер - Сандево за 2008 година, кои се прикажани на страните 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на сметката за дотации (785) на општина Чучер - Сандево, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Воислав Киранџиќ - Градоначалник на општина Чучер - Сандево во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 и 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена на 06.05.2009, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*

______________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за донација (785) на Општина Чучер - Сандево на ден 31 Декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Сметката за донации на Општина Чучер - Сандево е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2008 година.

Скопје, 07.07. 2009 година

Овластен државен ревизор

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО СМЕТКА ЗА ДОНАЦИИ (785)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образло жение** | **2008** | **2007** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 45 | 777 |
| **Вкупно приходи** | | **45** | **777** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 3 | 51 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 40 | 694 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **43** | **745** |
| **Вкупно расходи** | | **43** | **745** |
| **Вишок на приходи** | | **2** | **32** |

## ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО СМЕТКА ЗА ДОНАЦИИ (785)
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 2 | 32 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2** | **32** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 18 | 21 |
| **Вкупно постојани средства** | | **18** | **21** |
| **Вкупна актива** | | **20** | **53** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.1. | 2 | 32 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **2** | **32** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 18 | 21 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **18** | **21** |
| **Вкупна пасива** | | **20** | **53** |